„Муслиман е оној од чии јазик и раце се сигурни останатите муслимани, а мухаџир е оној кој ќе го напушти она кое Аллах го забранил.“

Абдулах бин Амр, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Муслиман е оној од чии јазик и раце се сигурни останатите муслимани, а мухаџир е оној кој ќе го напушти она кое Аллах го забранил.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè информира дека муслиман со потполна предаденост во исламот е оној од чиј јазик се безбедни другите муслимани. Не ги навредува, не пцуе, не озборува, вербално не ги вознемирува на кој било начин. Луѓето се безбедни и од неговите раце, тој не ги напаѓа, не им го одзема имотот незаконски и не прави ништо слично на претходно кажаното. А мухаџир е оној што ќе го остави она што од Аллах е забрането.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10101